**Општина Кисела Вода** во соработка со **„Нега Плус“** (социјално претпријатие во рамките на ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување)

## КОНКУРС
### за учество на обука за негуватели за помош и нега на стари лица

Се повикуваат сите заинтересирани лица кои сакаат да посетуваат обука и да се стекнат со верификуван сертификат да аплицираат во периодот од 23.11.2020 до1.12.2020 година

Кандидат(к)ите треба да ги исполнуваат следните услови:

-Да се државјани на Р. С. Македонија;
-Да имаат над 18 години;
-Да имаат општа психо-физичка способност за работа;
-Да имаат завршено минимум основно образование;
-Да бидат мотивирани за работа со стари и немоќни лица;
-Да бидат потготвени по обуката да бидат вклучени во сервисот за нега во домашни услови „Нега Плус“.

**Напомена:** Обуката за Негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост е сертифицирана.

„Нега Плус“ е социјално претпријатие, односно професионален сервис за грижа и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови, основано во рамки на ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување.

Особено ги охрабруваме жените кои имаат статус на долгорочно невработени или кои припаѓаат на Ромската етничка заедница да се пријават на повикот.

Заинтересираните кандидати треба најдоцна до 1.12.2020 да се пријават на е-маил: ana.gjuroska@kiselavoda.gov.mk , simon.toshanov@kiselavoda.gov.mk и/или тел. 071/391-167 Ана Ѓуроска , 070/683-810 Симон Тошанов и да остават свои контакти.

**Кандидати(к)ите кои ќе ги исполнат условите ќе бидат повикани на индивидуално интервју**

**Обуката е организирани од страна на општина Кисела Вода и Здружението ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во рамките на проектот за финансирање на развој на социјални услуги за помош и нега во домот во рамки на општината, а поддржан од Министерството за труд и социјална политика.**